Врз основа на член 14 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, Управниот одбор на ГС1 Македонија, на XVII седница одржана на 11.05.2016 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на висината на надоместокот за користење на GLN бројот

Член 1.

Со зачленувањето во GS1 Македонија и доделување на Единствен матичен GS1 број, покрај доделениот капацитет на GTIN –ови за означување на производи, секоја фирма членка по автоматизам добива на користење и еден GLN број, ткн. ***примарен GLN***, кој се врзува со адресата на седиштето и даночниот број на фирмата и ЕМБС од Централниот регистар на РМ.

Секоја фирма членка која има свој Единствен матичен GS1 број, може да додели Глобални локациски броеви на своите сопствени локации од доделениот капацитет, бидејќи GLN и GTIN се два засебни GS1 идентификатори на податоци за различна намена со различна структура и не може да дојде до конфузија и судир на броевите.

Доколку фирмата членка има потреба за дополнителни GLN броеви, треба писмено да се обрати до GS1 Македонија за да ги добие потребните GLN броеви, кои ќе и бидат доделени со различен компаниски префикс од претходно доделениот. Во иднина фирмата ќе има обврска да плаќа годишен надоместок за користење на новодобиените GLN броеви.

Член 2.

Висината на годишниот надоместок за користење на GLN броеви (Глобални локациски броеви) за 2016 година изнесува:

/во денари/

| **Капацитет на GLN броеви** | **Надомест за GLN Без ДДВ 18%** | **ДДВ 18%** | **Вкупно (2+3)** |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | 1.271 | 229 | **1.500** |
| 10 | 11.500 | 2.070 | **13.570** |
| 100 | 21.000 | 3.780 | **24.780** |
| 1,000 | 30.000 | 5.400 | **35.400** |
| 10,000 | 60.000 | 10.800 | **70.800** |
| 100,000 | 100.000 | 18.000 | **118.000** |

Член 3.

Фирми кои не се членки на GS1 Македонија,  имаат право да аплицираат за одреден капацитет на GLN -ови. При доделувањето, покрај надоместок за користење на GLN број, согласно капацитетот, даден во табелата во член 1. , кој се плаќа секоја година, имаат обврска од  еднократна уплата од  3.000,00 со вклучен ДДВ 18% за административни трошоци и упис во националниот и меѓународниот GLN регистар.

Член 4.

GLN броеви (Глобални локациски броеви) се доделуваат со цел идентификација на локации ( набавка, производство, магацин, управа, сметководство и сл), и фирмите на кои им се доделува одреден капацитет на GLN – ови, немаат право со нив да означуваат **производи**.

Член 5.

По доделувањето на одреден капацитет на GLN –ови, фирмата е должна да ја извести GS1 Македонија за локациите на кои ги доделила GLN -овите, со цел истите да бидат регистрирани во националниот и меѓународниот регистар на GLN –ови.

Член 6.

Фирмата која користи GLN броеви е одговорна за информирање на деловните партнери за сите издадени броеви и соодветните детали.

Член 7.

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена на web страната на GS1 Македонија.

## *Образложение на одлуката*

GLN е нумерички код со кој се овозможува единствена и еднозначна идентификација на било која правна, функционална или физичка локација на некоја деловна или организациска структура. GLN е проектиран за да ја подобри ефикасноста на комуникацијата помеѓу трговските партнери и обезбеди додатна вредност кај трговските партнери и кај потрошувачите.

Со развојот на дигитализацијата на светско ниво и потребите на глобалниот  пазар, како и следејќи ги донесените законски прописи во Република Македонија за важност на електронската фактура, GS1 Македонија воведува нова услуга: доделување на GLN како предуслов за овозможување на електронска размена на податоци - EDI (Electronic Data Interchange).  EDI е комплетно автоматска електронска размена на структурирани деловни пораки во кои се користат GLN-ови за да се поедностави автоматизацијата на деловната комуникација и електронската размена на пораки и документи:  (нарачка (ORDERS), одговор на нарачка  (ORDERSP), испратница (DESADV), фактура (INVOIC), и др.), размена  на ниво на програми (информациони системи), помеѓу деловните партнери (B2B) низ дистрибутивниот синџир.

Претседател на ГС1 Македонија
Симон НАУМОСКИ

Бр.02-90/7
11.05.2016
Скопје